Општина Делчево преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Светска банка, обезбеди финансиски средства за реализација на под-проектот „ Доградба на градинка Весели Цветови во во општина Делчево“.

Имплементацијата на проектот предвидено е да трае 12 месеци.

Проектот предвидува : изградба на нови 4 училници со тоалети,изградба на ходници помеѓу игралните за комуникација помеѓу училниците и игралните како и изградба на помошни простории за сервисни услуги од типот на перална и сушална. Доградбата ќе вклучува и нова фасада со термо-изолациски карактеристики како и инсталација на подно греење во новите училници и инсталација на систем за соларно греење.

Подетални информации околу самиот под-проект се презентирани во PAD документот кои во електронска форма може да ги пронајдете на следниов линк:

1. PROJECT APPRAISAL DOCUMENT (PAD) - DELCEVO

или пак директно може да го контактирате лицето:

- **Горан Петровски**- Раководител на одделние за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и локален економски развој
  e-mail: diagoran@gmail.com
  тел. 033/411-550